*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1Бр. 18/25-315*
*28.07.2026*
*Ш т и п*

До

Државни органи, јавни институции, установи,
правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани

ПРЕДМЕТ: Покана за учество на повторна јавна презентација и јавна анкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2026 година со Одлука бр. 08-8839/1 од 29.12.2025 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.21)Градоначалникот на Општина Штип ја доставува следната:

**П О К А Н А  З А  У Ч Е С Т В О**

**на јавна презентација и јавна анкета**
**по изготвен**
**Детален урбанистички план за дел од урбана четврт СЕ 05.02, КО Штип 1, Општина Штип**

Согласно член 50 од законот за урбанистичко планирање (сл.весник на рм бр.32/20 и 111/23) се организира **јавна презентација и јавна анкета по** Детален урбанистички план за дел од урбана четврт СЕ 05.02, КО Штип 1, Општина Штип.

Планскиот опфат за изработка на планската документација, кој е прикажан на графичките прилози кои се во прилог на планската документација е формиран по граници на катастарски парцели и осовини на улици.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- на север дел од планскиот опфат е дефиниран со границата на Железничка пруга од поранешна фабрика Селена,Општина Штип останатиот дел од планскиот опфат е дефиниран по граници на наменска зона и граница на катастерска парцела КП.1348, КО Штип-1
- на исток опфатот е дефиниран со осовината на ул.”Гоце Делчев”
- на југ опфатот е дефиниран со осовината на ул.”Гоце Делчев”
- на запад опфатот е дефиниран со осовината на ул.”Гоце Делчев”

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации. Според опишаните граници за Детален урбанистички план за дел од урбана четврт СЕ 05.02, КО Штип 1, Општина Штип, вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 16,05 ха. Во планската документација дефиниран е плански опфат и прикажан на графички прилог кој е приложен во постапката во систем е урбанизам.

Јавната анкета и јавната презентација на Детален урбанистички план за дел од урбана четврт СЕ 05.02, КО Штип 1, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 31 ден од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 17 август 2026 (понеделник) до 16 септември 2026 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 7 септември (понеделник) 2026 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Изработил:
Драгана Штерјова, диа
Контролирал: Раководител на одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина, Дипл.инж.арх. Душица Узунова
*Одобрил: Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*